**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ ЦЕНТАР ЗА ГРАЃАНСКИ КОМУНИКАЦИИ ЦГК СКОПЈЕ**

# С Т А Т У Т

СКОПЈЕ, 23 МАЈ 2023 ГОДИНА

Врз основа на член 18 и 23 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија бр. 52/2010, 135/11 и 55/2016 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 239/2022) и Статутот на Здружението на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје, Собранието на здружението на седницата одржана на 23 мај 2023 година во Скопје го донесе следниот:

**СТАТУТ**
**НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ГРАЃАНИ**
**ЦЕНТАР ЗА ГРАЃАНСКИ КОМУНИКАЦИИ**
**ЦГК**
**СКОПЈЕ**

-пречистен текст-

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Името е здружението е: Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје. Скратеното име е ЦГК. Името на здружението на англиски јазик е Center for Civil Communications, а скратеното име на англиски јазик е CCC.

### Член 2

Седиштето на здружението е во Скопје на бул. Кочо Рацин бр. 26-1/2.

### Член 3

Здружението на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје (во понатамошниот текст: ЦГК) е непрофитна, невладина и неполитичка организација, формирана со слободно здружување на граѓани, заради остварување, заштита и усогласување на нивните заеднички интереси и уверувања, како и заради вршење на следниве дејности:

1. развој, подобрување и поддржување на комуникацијата меѓу сите општествени фактори во Република Северна Македонија, особено меѓу граѓаните и властите на сите нивоа;

2. подобрување на едукацијата и информираноста на граѓаните во согласност со современите општествени потреби;

3. набљудување и анализирање на економските и општествено-политичките процеси во земјата и предлагање мерки за нивно унапредување;

4. поддршка и развој на медиумите, како и на медиумското претставување на процесите од поширока општествена важност;

5. обука за подобрување на вештините на новинарите и на другите медиумски професионалци во насока на поквалитетно информирање на граѓаните;

6. поддршка и афирмирање на процесот на децентрализација и на економски развој и просперитет на Република Северна Македонија;

7. поддршка и афирмирање на процесот за приближување на земјата кон Европската Унија;

8. намалување на корупцијата и подобрување на доброто владеење во земјата;

9. промоција на културните вредности, обележја и специфики на земјата, како и

10. остварување на други дејности и активности во согласност со Законот.

### Член 4

ЦГК ќе ги остварува своите цели, задачи и дејности во согласност со односите уредени со Уставот на Република Северна Македонија, со овој Статут, како и со други законски норми што ја регулираат материјата од оваа област.

### Член 5

ЦГК е правно лице.

### Член 6

ЦГК може во согласност со статутот и позитивните законски прописи да основа друштва со ограничена одговорност и акционерски друштва заради остварување на целите, интересите и активностите, како

и за финансирање на функциите утврдени со Статутот.

**Член 7**

ЦГК се организира и делува на подрачјето на територијата на Република Северна Македонија.

**Член 8**

ЦГК има свој печат и свој штембил.

Печатот е тркалезен и го содржи името на Здружението: Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје.

Штембилот е правоаголен и го содржи следниот текст: ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ ЦЕНТАР ЗА ГРАЃАНСКИ КОМУНИКАЦИИ ЦГК, со број, датум и место.

## II. ВИЗИЈА, ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО И НАЧИН НА НИВНО ОСТВАРУВАЊЕ

**Член 9**

Граѓаните се здружени во ЦГК заради остварување на поширок заеднички интерес.

Визијата на ЦГК е дека е докажан општествен чинител во демократизацијата на македонското општество, подобро информирање на граѓаните и транспарентно и одговорно владеење.

Посебни цели и задачи на ЦГК се:

1. да ја развива, подобрува и поддржува комуникацијата меѓу сите општествени фактори во Република Северна Македонија, особено меѓу граѓаните и властите на сите нивоа;

2. да ја подобрува едукацијата на граѓаните во согласност со современите општествени потреби;

3. да ги набљудува, анализира и унапредува општествените процеси во земјата и регионот во областа на антикорупцијата, доброто владеење, евроинтеграцијата, медиумите и економскиот развој;

4. да ги поддржува и развива медиумите, како и медиумското претставување на процесите од поширока општествена важност;

5. да ги обучува и подобрува вештините на новинарите и на другите медиумски професионалци во насока на поквалитетно информирање на граѓаните;

6. да ги поддржува и афирмира процесот на децентрализација и економскиот развој и просперитет на Република Северна Македонија;

7. да го поддржува и афирмира процесот за приближување на земјата кон Европската Унија;

8. да спроведува активности во насока на намалување на корупцијата и подобрување на доброто владеење;

9. да ги промовира културните вредности, обележја и специфики на земјата, како и

10. да остварува и други дејности во согласност со Законот, статутот и актите на ЦГК.

**Член 10**

ЦГК ќе ги остварува овие цели и задачи преку:

1. организирање и реализирање на разни форми на комуникација меѓу сите општествени фактори;

2. организирање и спроведување на истражувања, мониторинг и анализи;

3. организирање и спроведување на обуки, работилници и други форми на едукација од различни области;

4. организирање и спроведување на семинари, дебати, конференции и слични манифестации;

5. работа со граѓани на непосреден начин;

6. предлагање мерки до надлежните органи и институции за унапредување на политиките и практиките и застапување за нивна примена;

7. изработување и доставување на разни информативни и едукативни материјали;

8. спроведување на други активности од областа на економијата, медиумите, комуникациите, локалната самоуправа, антикорупцијата и слично, како и

9. на друг начин во согласност со Статутот, законот и актите на ЦГК.

**Член 11**

Целите и задачите на ЦГК ќе се остваруваат единствено на начин и под услови предвидени со позитивните законски прописи на Република Северна Македонија.

## III. ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 12**

Член на ЦГК може да биде секој државјанин на Република Северна Македонија и странски државјанин, кој доброволно ќе пристапи со давање на писмена изјава.

Зачленување во ЦГК се врши со пристапница која се враќа при исклучување или престанување на членувањето.

Пристапница за зачленување се добива само по покана од Собранието на ЦГК.

ЦГК води регистар на своите членови и евиденција на членовите на органите кои се ажурираат најмалку еднаш на две години.

ЦГК ја гарантира анонимноста на личните податоци на членовите кои тоа го побарале.

**Член 13**

Членот на ЦГК има право да избира и да биде избиран во органите и телата на ЦГК, да учествува во работата и да придонесува во развојот и популаризацијата на активностите.

Секој член може доброволно да истапи од ЦГК.

**Член 14**

Исклучување од членството во ЦГК се остварува во следните случаи:

1. ако членот работи спротивно на целите и задачите на ЦГК;

2. ако е осуден на казна затвор;

3. ако грубо ги прекрши одредбите од Статутот или другите акти на ЦГК или постапува спротивно на Законот за здруженија и фондации;

4. ако не учествува во работата на ЦГК и не придонесува за негова афирмација и развој;

5. ако одбива соработка со другите членови или пак не постапува во согласност со одлуките на органите на ЦГК, како и

6. во други случаи определени со Закон и со актите на ЦГК.

Престанок на членувањето во ЦГК настанува во следните случаи:

1. ако членот го побара тоа сам;

2. ако е исклучен од членство поради причини наведени во првиот став од овој член;

3. ако стане трајно неспособен за вршење на своите должности и

4. во други случаи определени со Закон и со актите на ЦГК.

**Член 15**

Обврски на членовите на ЦГК се:

1. редовно да плаќаат членарина;

2. да присуствуваат на состаноците;

3. да учествуваат во активностите за спроведување на програмата на ЦГК;

4. да вршат и други работи што ќе им бидат доверени, а во согласност со позитивните прописи, Статутот и со актите на ЦГК.

## IV. ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 16**

ЦГК го застапува и претставува претседателот на здружението, во согласност со овластувањата во законот, Статутот и актите на ЦГК.

## V. ОСТВАРУВАЊЕ НА ЈАВНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТАТА

**Член 17**

Работата на ЦГК е јавна.

Јавноста се остварува преку редовно известување на членовите и на пошироката јавност за работата и за активностите на ЦГК, овозможување увид во спроведувањето на програмските определби и поднесување извештаи за работа пред органите и телата на ЦГК.

ЦГК ги објавува годишниот извештај за работењето и годишниот финансиски извештај на веб-страницата или ги прави на друг начин достапни до јавноста најдоцна до 30 април во тековната, за претходната година.

## VI. ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 18**

ЦГК остварува средства за работење од:

1. членарина;

2. основачки влогови;

3. доброволни прилози;

4. донации;

5. подароци (во пари, добра и имотни права);

6. дејности со кој се стекнува добивка;

7. кирии и закупнини;

8. приходи од инвестиции, дивиденди, камати и заеми;

9. други услуги, како и

10. други извори на приходи во согласност со Законот, статутот и актите на ЦГК.

**Член 19**

Употребата и располагањето со средствата на ЦГК добиени по основите од претходниот член се врши на начин утврден со овој Статут и со останатите законски прописи.

**Член 20**

За употребата и располагањето со средствата одлучуваат органите на ЦГК во согласност со надлежностите утврдени со овој Статут и со актите на ЦГК.

Средствата се употребуваат за остварување на целите на ЦГК определени со овој статут и со програмата за работа.

Членовите на органите на ЦГК преземаат мерки за економско целесообразно користење на средствата, со внимание и во согласност со начелата на добро управување, во интерес на ЦГК, а над личните интереси.

**Член 21**

ЦГК донесува годишен финансиски план за приходите и расходите.

Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по член 18 од Статутот, како и расходите за своите активности, за плати и надоместоци на вработените, за заедничка потрошувачка на вработените, за материјални трошоци за работа и други расходи поврзани со работењето.

**Член 22**

Тековната финансиска година на ЦГК трае од 1 јануари до 31 декември. Првата финансиска година почнува од денот на регистрација, а последната истекува на денот на прекинување со работа.

## VII. УПРАВУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 23

Со ЦГК управуваат членовите, непосредно или преку избраните претставници во органите.

Права и должности на претставникот се:

- да избира и да биде избиран во органите на ЦГК;

- да предлага решавање на прашања од заеднички интерес;

- да работи на развивање и унапредување на активностите кои произлегуваат од Статутот, програмските цели и задачи и од усвоените одлуки и заклучоци;

- да ги спроведува во целост одредбите од Статутот и од програмските активности;

- да ги застапува интересите и ставовите на ЦГК;

- да бара стручна и друга помош, ако таа е потребна од областа за кое се основа ЦГК;

- да врши и други работи определени со закон, со Статутот или со актите на ЦГК.

## VIII. ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 24

Органи на ЦГК се:

1. Собрание;

2. Извршен одбор и

3. Претседател.

### Член 25

Собранието е највисок орган на ЦГК и него го сочинуваат сите членови на ЦГК, освен ако во овој Статут не е поинаку предвидено.

Собранието работи на седници, кои се одржуваат по потреба, а најмалку еднаш годишно.

### Член 26

Седниците на Собранието ги свикува претседателот на ЦГК и тоа:

- во согласност со став 1 од овој член;
- по предлог на Извршниот одбор (во понатамошен текст: ИО) или
- на барање на најмалку 1/3 од вкупниот број на членови на Собранието.

Ако претседателот на ЦГК во рок од 14 дена од денот на поднесениот предлог не свика седница, тогаш седницата ја свикува ИО или иницијаторите.

Седница на Собранието се свикува со доставување усна или писмена покана, најмалку седум дена пред денот на одржување на седницата.

Претседателот води сметка на седницата на Собранието да има потребен број членови за полноважно одлучување.

### Член 27

Собранието полноважно одлучува ако се присутни повеќе од половина од вкупниот број членови.

Собранието по правило ги донесува одлуките со мнозинство гласови од присутните претставници.

Како присуство на седница на Собранието се смета и учество преку видео или конференциска врска, без физичко присуство на седницата.

Со седницата на Собранието претседава претседавач кој се избира за секоја одделна седница од редот на членовите на Собранието.

### Член 28

Во надлежност на Собранието е следното:

- донесува статут, измени и дополнувања на статутот и програма за работа;

- усвојува годишен извештај за работа и годишен финансиски извештај и ги објавува на веб-страницата на ЦГК;

- усвојува завршна сметка;

- усвојува стратегија за работа;

- одлучува за промена на целта на ЦГК;

- одлучува за внатрешната организација и организационите форми на органите на ЦГК;

- избира и разрешува претседател на ЦГК;

- избира и разрешува членови на ИО (и на другите органи на ЦГК);

- расправа за постигнатите резултати од развојот на ЦГК и дава насоки за натамошен развој;

- врши контрола врз спроведување на одредбите од овој статут, како и контрола на наменско располагање со средствата и со приходите на ЦГК;

- донесува одлука за плаќање членарина и за висина на членарината;

- решава за основање и укинување на огранoци и на други органи на ЦГК;

- одлучува за престанок на ЦГК со двотретинско мнозинство гласови од сите членови на ЦГК;

- донесува и други акти и врши и други работи во согласност со Статутот, законите и актите на ЦГК.

**Член 29**

Извршниот одбор (во понатамошниот текст: ИО) на ЦГК брои 3 надворешни членови.

Мандатот на членовите на ИО трае 4 години, со право на повторен избор.

ИО од својот состав избира претседавач со мандат од 2 години, со право на повторен избор.

**Член 30**

ИО ги има следните надлежности:

- предлага измени и дополнувања на Статутот;

- ја спроведува политиката на ЦГК;

- ги спроведува одлуките и заклучоците од Собранието;

- предлага годишна програма за работа и финансиски план;

- донесува правилници и други акти за работа, освен оние кои според законот и овој Статут ги донесуваат други органи;

- донесува одлуки за формирање на постојни и повремени комисии и ја насочува нивната работа;

- донесува одлуки за награди, пофалници и признанија;

- донесува одлуки по приговори и жалби;

- врши и други работи кои произлегуваат од одредбите на Статутот, од Законот и од актите на ЦГК.

**Член 31**

ИО за својата работа е одговорен пред Собранието на ЦГК.

ИО ги донесува одлуките со мнозинство гласови.

ИО се состанува по потреба. Седница на ИО свикува претседавачот на ИО.

Предлог за свикување на седница на ИО можат да поднесат и другите членови на ИО, 1/3 од членовите на Собранието и претседателот на ЦГК.

Со седницата на ИО раководи и претседава претседавачот, а во негово отсуство член кој ќе го избере ИО.

Како присуство на седница на ИО се смета и учество преку видео или конференциска врска, без физичко присуство на седницата.

Ако претседавачот на ИО во рок од 14 дена од денот на поднесениот предлог не свика седница, тогаш седницата ја свикува иницијаторот.

Седница на ИО се свикува со доставување усна или писмена покана, најмалку седум дена пред денот на одржување на седницата.

Претседавачот води сметка на седницата на ИО да има потребен број членови за полноважно одлучување.

**Член 32**

Претседателот на ЦГК (во понатамошен текст: претседателот) има мандат од 4 години, со право на повторен избор.

Претседателот ги има следниве права, обврски и надлежности:

- како работоводен орган ги извршува сите права и обврски кои произлегуваат од Законот за работни односи;

- ја води и организира тековната работа на ЦГК и одговара пред собранието;

- потписник е на сметката на ЦГК и може да овласти и друг член како втор потписник;

- го застапува ЦГК;

- ги свикува и ги подготвува седниците на Собранието;

- одговорен е за извршување на програмата за работа и на финансискиот план;

- се грижи за извршување на одлуките и заклучоците на Собранието и ИО;

- ги изработува програмата за работа и финансискиот план;

- изработува годишен извештај за работа и годишен финансиски извештај;

- презема мерки и дејствија во правниот промет во име и за сметка на ЦГК;

- се грижи за правилна примена на законските прописи од обласна на дејностите што ги врши ЦГК;

- склучува договори и спогодби во име и за сметка на ЦГК;

- управува и одговара за управување со имотот на ЦГК;

- донесува одлуки за набавка и отуѓување на основните средства;

- врши и други работи доколку е тоа определено во Статутот, законите и актите на ЦГК.

**Член 33**

Заради извршување на статутарните и програмските задачи и одлуки на Собранието и на ИО, може да се формираат и други работни тела во согласност со овој Статут.

## IX. АДМИНИСТРАТИВНА КАНЦЕЛАРИЈА

**Член 34**

За извршување на административни, стручни и помошни работи при остварувањето на задачите и целите на ЦГК, може да се формира административна канцеларија.

**Член 35**

Правата, обврските и одговорностите на вработените во административната канцеларија ги утврдува претседателот на ЦГК во согласност со законските норми и со Статутот.

Со административната канцеларија раководи претседателот на ЦГК.

## X. ПРЕСТАНОК НА ЦГК

**Член 36**

ЦГК ќе престане да постои ако:

- за тоа одлучат членовите на ЦГК во согласност со Статутот;

- ако бројот на членовите се намали под бројот определен за основање на здружение;

- ако настапат причини утврдени во член 63 од Законот за здруженија и фондации;

- други случаи утврдени со закон или предвидени во Статутот на ЦГК.

Одлука за престанок на работата на ЦГК донесува Собранието со двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на ЦГК.

**Член 37**

По престанокот на работата на ЦГК, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските на ЦГК, преминуваат во сопственост на членовите на ЦГК на начин и во постапка утврдена со закон.

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 38**

Право на толкување на одредбите од овој Статут има Собранието на ЦГК, а помеѓу одржување на две собранија, ИО на ЦГК.

**Член 39**

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат по иста постапка како и за негово донесување.

**Член 40**

Овој Статут влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува од денот на упис во регистарот. Статутот престанува даважи со престанок на ЦГК, со негова поделба, спојување или присоединување или, пак, трансформација во друг облик на здружување.

Скопје, 23 мај 2023 година

**СОБРАНИЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ГРАЃАНИ**
**ЦЕНТАР ЗА ГРАЃАНСКИ КОМУНИКАЦИИ**
**ЦГК СКОПЈЕ**